РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ.НИКОЛЕ
Бр. 04-131/9
03.12 2025 год.

Врз основа на член 143 став 10 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 265/24 и 17/25) и доставената ранг-листа од страна на комисијата за унапредување бр. 04-131/8 од 03.12.2025 година, Директорот на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе по објавениот интерен оглас бр. 01/2025 од 24.11.2025 за унапредување на еден (1) извршител на работното место од реден број 1. ДЕЗ 03 03 Д03 001 Негувател – помошно стручен работник, на ден 03.12.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За избор за унапредување на неопределено време по интерен оглас бр. 01/2025**

1. По спроведен интерен оглас за унапредување на неопределено работно време во Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе, се унапредува на работно место Негувател – помошно стручен работник **на неопределено време** лицето:

- **Сузана Крстевска** со завршено средно гимназиско образование и важечка лиценца за негувател

2. Лицето од точка 1 на оваа Одлука се унапредува на неопределено време согласно добиената согласност за обезбедени финансиски средства за унапредување бр. 19-9327/2 од 06.08.2025 година од Министерството за финансии.

3. Именуваниот извршител ќе биде унапреден на соодветното работно место по завршувањето на постапката и конечноста на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

По објавениот интерен оглас бр. 01/2025 од 24.11.2025 година за унапредување на 1 извршител на работното место Негувател – помошно стручен работник Д3 ниво и спроведената постапка по огласот, Директорот изврши избор од пријавените кандидати на интерниот оглас кој беше објавен на огласна табла на институцијата.

За извршениот избор да се известат избраните кандидати како и кандидатите кои не се избрани во рок од три (3) дена од донесувањето на оваа одлука. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување. По завршување на постапката, Директорот на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе ќе склучат анекс договор на договорот за вработување број 04-149/27 од 06.12.2021 година и ќе донесе Решение за распоредување на соодветно ниво.

**Правна поука:** Против оваа одлука, незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката за избор.

Доставено до:

Именуваниот
Архива

Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева"
Свети Николе
Директор,
Билјана Миланова